РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
Бр. 04-1680/1
18.07.18 год.
КОЧАНИ

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), член 50 став (1) точка 12 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на Општина Кочани донесе

# ПРАВИЛНИК

## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општина Кочани

### Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување во Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општина Кочани (бр.04-868/1 од 27.04.2016 година), Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општина Кочани (бр.01-2069/1 од 22.11.2017 година), Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општина Кочани (бр.01-898/1 од 04.04.2018 година) и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општина Кочани (бр.04-1336/1 од 04.06.2018 година).

### Член 2

Во глава IV. Опис на работните места во Општинската администрација на Општина Кочани, во работното место под реден број 1, шифра УПР 01 01 А04 000, ниво А4, звање Секретар на општина со седиште во град, Назив на работно место Секретар на Општина, во делот Вид на образование, зборовите „Економски науки“ се заменува со зборовите „Организациони науки и управување (менаџмент)“.

### Член 3

Во глава IV. Опис на работните места во Општинската администрација на Општина Кочани, во Сектор за правни, јавни дејности и општи работи во работното место под реден број 2, шифра УПР 01 01 Б02 000, ниво Б2, звање Раководител на сектор, Назив на работно место Раководител на Сектор за правни, јавни дејности и општи работи, во делот Вид на образование, зборовите „Економски науки“ се заменува со зборовите „Организациони науки и управување (менаџмент)“..

### Член 4

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

**Градоначалник на**
**Општина Кочани**
**Николчо Илијев**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Изготвил:
Драган Ананиев